MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

**ОПШТИНА ШТИП**

**Број Уп I 18/$_{16}$-788 од 31.10.2024 година**

Врз основа на член 119 од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), а во врска со член 52 од Законот за општа управна постапка („Службен Весник на Р.Македонија" бр.124/15) и член 50 став 1 точка 11 од Законот локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Градоначалникот на Општина Штип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одземање на Б-Интегрирана еколошка дозвола на Друштво за градежништво, производство, промет и услуги "ТЕХКОМ" ДООЕЛ Кочани**

1. Б-Интегрирана еколошка дозвола на оператот Друштво за градежништво, производство, промет и услуги "ТЕХКОМ" ДООЕЛ Кочани, со седиште ул.„Кирил Змбов" бр.6, Кочани, УП I бр.18/$_{16}$-788 од 18.05.2018 година, **се одзема.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 95 од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22) инсталацијата на оператот Друштво за градежништво, производство, промет и услуги "ТЕХКОМ" ДООЕЛ Кочани, достави барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, УП I бр.18/$_{16}$- 788 од 28.03.2016 година. По спроведување на целата постапка за издавање на 18.05.2018 година е издадена Б-Инегрирана еколошка дозвола УП I бр.18/$_{16}$- 788 за Друштво за градежништво, производство, промет и услуги "ТЕХКОМ" ДООЕЛ Кочани.

Од страна на правното лице Друштво за градежништво, производство, промет и услуги "ТЕХКОМ" ДООЕЛ Кочани Општина Штип ни достави поднесок за прекинување на важењето на Б-ИЕД со прилог на следниве документи: Договор за закуп (0307-42 24.09.2013 год.); Договор за раскинување на Договор за закуп (0307-211/18 од 18.09.2018 год.); Допис за Доставување на Б- ИЕД со арх. бр. УП I бр.18/$_{16}$- 788 од 23.05.2018 година; Доказ за извршена уплата на сите надоместоци – платен налог ПП50; Известување до Општина Штип за прекин на работните дејствија на стационирана база од страна на Техком (0302-254/18 од 29.10.2018); Известување до Инспектор за ЖСПП-Сенка Андреева за прекин на работните дејствија на стационирата база од страна на Техком(0302-254/18-1 од 29.10.2018 год.) и Тековна состојба од Централен регистар 28.09.2023 година. Со допис број ИП 1 23/23-434 од 28.12.2023 година. Од страна на Општински инспектор за животна средина во Општина Штип е добиен допис со арх бр.ИП1 23/23-434 од 28.12.2023 година за

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип,*
*Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина*
*Тел: (032) 22 66 18 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта:gradonacalnik@stip.gov.mk*

доставување на Записник за извршен вореден инспекциски надзор со број ИП 1 бр.23/23-434 од ден 20.12.2023 година во кој се констатира дека инсталацијата на Друштво за градежништво, производство, промет и услуги "ТЕХКОМ" ДООЕЛ Кочани не врши никаква дејност од бетонската база сепарација на песок на локацијата каде е издадена Б-Интегриран еколошка дозвола(патен правец Штип-село Караорман во Општина Штип). Со допис арх.бр. УП I бр.18/$_{16}$- 788 од 10.09.2024 година се направи Барање за доставување на План за престанок на активноста со временски распоред за извршување на условите утврдени во Б-интегрираната еколошка дозвола, на ден 04.10.2024 година со арх.бр. УП I бр.18/$_{16}$- 788 од страна на правното лице Друштво за градежништво, производство, промет и услуги "ТЕХКОМ" ДООЕЛ Кочани е доставен План за престанок на активноста со временски распоред за извршување на условите утврдени во Б-интегрираната еколошка дозвола.По спроведување на постапката се издава следново решение.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на прием на ова решение до Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Изработил:соработник за заштита на животна средина
м-р Софче Трајкова
Контролирал: по овластување на градоначалник
Лазар Хаџи-Николов
Одобрил:Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова-Ангелова

Доставено до:
- Друштво за градежништво, производство, промет и услуги "ТЕХКОМ" ДООЕЛ Кочани;
- Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината , Општински инспектор за животна средина Влатко Панов;
- Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина;
- Архива.

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов